**Избрани се пилот туристичките дестинации на бугарско-македонскиот Прекуграничен забавен центар**

28.11.2017

Еколошко друштво Планетум - Струмица во партнерство со Здружението Пирински туристички форум - Благоевград, ги избра пилот мини-дестинациите или т.н. туристички "јазли" на мрежата за одржлив туризам "Прекуграничен забавен центар". Од Благоевградска област тоа се "јазлите" Благоевград, Банско, Гоце Делчев, Петрич и Струма, а од Југоисточен плански регион (Македонија) - "јазлите" Струмица, Ново Село, Дојран, Гевгелија и Радовиш.

Претставници на 10те "јазли" се собраа во градот Струмица, Македонија, на првата работилница на мрежата на 25 и 26 ноември 2017 година. На средбата беше разгледан концептот на прекуграничниот забавен центар, функционирањето на мрежата од туристички "јазли" и создавање на новите атрактивни туристички услуги кои ќе бидат продадени преку специјален интернет портал за таа намена.

Во мрежата се вклучени туристички водичи и аниматори, сопственици на објекти за сместување и исхрана, библиотеки, музејски работници, претставници на невладини организации  поврзани со туризмот и други локални ентузијасти.

Средбите каде што ќе се започне со развивање на нови туристички услуги започнуваат во јануари 2018 година и ќе траат до мај истата година. Потоа следува креирање на интернет порталот и маркетинг на новата туристичка понуда.

*Оваа соопштение е овозможено  со финасиска поддршка на Европската Унија во рамките на проектот "Прекуграничен забавен центар", ко-финансиран преку ИПА Програмата за прекугранична соработка Интерег-ИПА Бугарија - Поранешна Југословенска Република Македонија. За содржината на оваа соопштение одговорност носи единствено Еколошкото друштво Планетум - Струмица  и во никој случај не може да ги одразува ставовите на Европската Унија*

За повеќе информации:
Александар Лазаров, проект координатор
Еколошко друштво Планетум
Тел. 070 374 679 (и Вајбер)
Е-пошта: aleksandar.lazarov@gmail.com